Бр./Nr 12-573/3
04-05-2026 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-573/1 од 28.01.2026 година, поднесена против СУГС "----" - ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-573/1 од 28.01.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 28.01.2026 година, поднесена е пријава, против СУГС "----" – ---- (понатаму: Училиште).

Подносителот на пријавата навел дека огласот објавен од училиштето на 31.12.2025 година за организирање завршна екскурзија, бил објавен со рок од 5 (пет) дена, од кои 3 (три) биле неработни денови, со предвиден краен рок за доставување понуди најдоцна до недела, до 12:00 часот, што според подносителот го ограничувало времето за подготовка на понуда. Дополнил и дека наводно на 02.01.2026 година, како прв работен ден по празниците, извршил три обиди за подигнување на тендерската документација и програмата, но училиштето било

затворено и не им бил овозможен пристап до материјалите неопходни за учество во постапката.

*Според член 20 алинеја 6 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, рокот за доставување на понуда не смее да биде пократок од пет дена.*

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што во Правилникот не е поставено ограничување дека во рокот за доставување на понуда од пет дена не е дозволено да има неработни денови.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**